# РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТИЛНИЦА

## Дефинирање на модел на доработка и одржливост на зелениот катастар на Град Скопје

Изготвил:
Софија Богева, Координатор на Скопје Лаб,
Милош Соколиќ, дизајнер на услуги

Скопје, 2021

## Содржина

Вовед 2

Детален опис 3

Предлог модел за ЗК 3

СКОПЈЕ ЛАБ
ЦЕНТАР ЗА ИНОВАЦИИ НА ГРАД СКОПЈЕ

eit Climate-KIC
Co-funded by the European Union

Град Скопје

UNDP

## Вовед

На 17.6.2021, СкопјеЛаб - Центар за иновации на Град Скопје, во просториите на Град Скопје, одржа работилница на тема „Дефинирање на модел за доработка, управување и одржување на Зелениот Катастар на Град Скопје”. На работилницата учество земаа 30 учесници, и тоа преставници од секторите за животна средина и финасии на 8 од десетте општини на Град Скопје (Аеродром, Бутел, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари), како и претставници од Град Скопје и ЈП Паркови и Зеленило. Целта на работилницата беше развивање на предлог модел за доработка, управување и одржување на зелениот катастар во иднина.

## Детален опис

Работилницата ја отвори Софија Б. Жежељ, од Кабинетот на Градоначалникот на Град Скопје со обраќање кон учесниците.
Владимир Стојановски, Асистент на Шумарски факултет и претставник на НВО Treefor одржа краток вовед за зелениот катастар, со цел запознавање на учесниците со досегашните остварувања и развој на иницијативата, предизвиците со кои се соочува и потребата од системски пристап кон градење на зелениот катастар.

Преку примена на hands-on пристап во дефинирање на моделот се обезбеди активно учество и придонес на сите присутни учесници. Во првиот дел на работилницата фокусот беше на дефинирање на предлог модел за доработка на зелениот катастар и одржување. Учесниците поделени во три групи, со цел да се поттикне меѓуинституционална работа, имаа околу 45 мин време да одговорат на три основни прашања и согласно да изготват предлог за одржлив модел на катастарот. Групите потоа имаа можност да ги презентираат моделите пред останатите учесници и да развијат дискусија околу сличностите и разликите помеѓу трите модели.

Во втората вежба фокусот беше ставен на утврдување на капацитетите на секоја од општините за потребите на зелениот катастар. Учесниците работеа во групи соодветно општините кои ги претставуваат со цел да определат до кој степен општината (може да) располага со технички, човечки и финансиски капацитети потребни за доработка и одржување на зеленот катастар.

Резултатите од вежбите, како и предлог моделот изготвен соодветно предлозите кои произлегоа од оваа работилница може да се погледнат во продолжение.

## Предлог модел за ЗК

Согласно резултатите подолу е претставен предлог моделот за доработка и одржување на зелениот катастар на Град Скопје. Истиот е поделен во две фази, фаза на доработка и фаза на одржување.

- **Фаза 1 - Целосна доработка на зелениот катастар (2021-2022)**

Управување со проектот: Град Скопје
Партнери: Општините на градот + ЈП Паркови и Зеленило
Изработувач на ЗК: се бира согласно процедура за јавна набавка
Вкупна сума за доработка на ЗК: 9 милиони денари

Финансирање: Град Скопје + Општините (50:50)
- Градот Скопје учествува со 50% од вредноста на сумата за доработка на ЗК
- Општините учествуваат со 5% од вредноста на сумата за доработка на ЗК

Ова значи дека најголем број на средства ќе бидат потребни во првата година за целосна изработка на ЗК, со минимални буџетски трошоци во наредните години за негово ажурирање и техничко одржување.

*Во поглед на финансирањето се очекува секоја општина преку меморандум за соработка да врши пренос на средства на Градот Скопје по што Градот зема целосна надлежност во имплементација и менаџирање на проектот за доработка на ЗК.
Во процесот се очекува секоја општина да даде поддршка во ажурирање на системот со внес на податоци околу засадените дрвја и зеленило.

Со цел правилно користење на ЗК во понатамошниот период се очекува имплементаторот на проектот да направи соодветно обучување на лицата од градот, ЈП Паркови и Зеленило и општините за користење и ажурирање на ЗК.

- **Фаза 2 - Редовно ажурирање на зелениот катастар (2023 - натаму)**

По целосната изработка на ЗК се очекува општините на редовна основа да прават ажурирање на ЗК преку директен внес на податоците во системот.

Од Град Скопје се очекува активно учество и координација помеѓу секторите:
- Просторно планирање
- Комунални работи
- ИТ сектор - ГИС систем

Улогата на Секторот за просторно планирање е во координација со општините и Секторот за комунални работи на градот да работи на добро планирање на озеленувањето на градот и општините во согласност со дефинирани параметри за развој на градот и општините.

Улогата на одд ГИС при ИТ сектор на Град Скопје е редовно техничко одржување на системот за ЗК и негова надградба. Соодветно и спроведување на одредени технички обуки доколку за тоа има потреба во консултација со Секторот за Комунални работи на Град Скопје.

Улогата на Секторот за Комунални работи е да ја врши главната координација во процесот на доработка на ЗК и нивното понатамошно ажурирање. Ова значи редовна комуникација меѓу секторите на градот, општините и ЈП Паркови и зеленило.

Во поглед на општините, се очекува секоја општина на долг рок да определи/номинира лице кое ќе биде во директна координација со Градот и ЈП Паркови и Зеленило со цел навремено ажурирање, планирање и реализција на активности поврзани со ЗК.

Во процесот на ажурирање на податоците се охрабруваат општините да воспостват партнерства со академските институции релеванти за работа на ЗК со цел искористување на дополнителни ресурси и обратно обезбедување на соодветна пракса на студентите согласно претходно поставени параметри и водилки.